A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 09 – 537/17
30. 08 2019 год.
ЗРНОВЦИ

Врз основа на член 112, став 2 и член 114 став 1 ,алинеја 2 од Законот за јавни набавки (Сл. весник на РСМ број 24/2019 ),Градоначалникот на Општина Зрновци , на ден 30.08.2019 год., ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## За поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка

1. Постапката за доделување на договор за јавна набавка :Изградба на ул,,Тодор Арсов,, во с.Зрновци објавена на Веб страната на БЈН под бр.013/2019 (05347/2019) од 31.07.2019 год , СЕ ПОНИШТУВА од причини што **не е поднесено ниту една прифатлива понуда .**

2. Сите дејствија во врска со постапката се прекинуваат.

3.Согласно член 114 став 3 и 4 од Законот за јавни набавки , општина Зрновци писмено ќе ги извести учесниците во постапката и ќе објави известување за поништување на постапката за доделување на договор за јавна набавка на ЕСЈН за причините за поништување на постапката .

## Образложение

Врз основа на член 77 од Законот за јавни набавки (Сл.весник на РСМ бр.24/2019), Градоначалникот на општина Зрновци ,донесе Одлука за јавни набавки бр.09-537/1 од 30.07.2019 година за јавна набавка –Изградба на ул,,Тодор Арсов,,во с.Зрновци. Комисијата за јавни набавки во Општина Зрновци , постапувајќи по истата, за спроведување на Поедноставена отворена постапка со објавување на оглас , која постапка се спроведе со користење на електронски средства преку Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) и завршува со е-аукција како последна фаза за доделување на договорот.На Огласот пристигнаа 2/две/ понуди .Согласно член 109 ,Комисијата за јавни набавки изврши евалуација на првичните понуди и сите 2 (две) понуди ги оцени како прифатливи.

По извршената евалуација на поднесените првични , прифатливи понуди , Комисијата за јавни набавки на ЕСЈН закажа е-аукција за ден 21.08.2019 год. во 14:00 часот , за чиј тек податоците се генерирани во Извештај за текот на е-аукцијата на ЕСЈН. По затворањето на е-аукцијата на ден 21.08.2019 год. во 15:00 часот , во Извештајот за текот на е-аукцијата е констатирано дека двата економски оператори кои имаа поднесени првични понуди на е-аукцијата не поднесоа намалување на првичната понуда.Најниска првична понуда имаше понудувачот – Друштво за трговија,градежништво и услуги ПАВЕР ТРЕЈД ДООЕЛ Кавадарци која изнесуваше 1.676.365.00 денари (без пресметан ДДВ). Општина Зрновци за оваа набавка имаше одобрено средсвта од ЈП за државни патишта во износ од =1.401.065,00 ден.,(со пресметан ДДВ) .

Комисијата за јавни набавки при Општина Зрновци, до одговорното лице на Договорниот орган , достави Записник од јавното отварање на понудите бр.09-537/4 од 15,08,2019 год. , Извештај од спроведената постапка бр.09-537/12 од 26.08.2019 год., во кој е содржан рангот на прифатливите понуди за учество на е-аукцијата, Почетна ранг листа на способни понудувачи за учество на е-аукцијата генериран на ЕСЈН и Извештај за текот на е-аукцијата , генериран на ЕСЈН.

Бидејки општината има обврска да го плати и износот на ДДВ , не е во можност да ги дообезбеди дополнителните средства повисоки од одобрената сума од ЈП за државни патишта

Имајќи го во предвид наведеното , а во согласност со член 114 став 1 ,алинеја 2 од Законот за јавни набавки (Сл. весник на РСМ број 24/2019 ) , Градоначалникот на Општина Зрновци донесе Одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА:Незадоволниот учесник во постапката за избор на најповолен понудувач може да поднесе жалба до Државна комисијата за жалби по јавни набавки и до Договорниот орган, во рок од 5 (пет) дена од денот на доставувањето на известувањето.

Одлучено на ден 30.08.2019 год. , а заведено под арх.бр.09-537/14.

*Општина Зрновци*
*Градоначалник,*

*(Блаже Станков )*

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ЗРНОВЦИ
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

**Доставено до:**
-ДТГУ„ ПАВЕР ТРЈД,, ДООЕЛ Кавадарци
-ДПТУ„ КОЛЕ-ТРАНС ИНЖИНЕРИНГ“ увоз-извоз ДООЕЛ Штип
- **архива**
- **досие**